Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-372/3
Датум: 26-06-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 372 од 26.05.2023 година, поднесена од подносителката [redacted] за дискриминација врз основа на друго уверување во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство против Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 26.06.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
**За отфрлање на претставката заради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација со бр. 08 - 372 од 26.05.2023 година, од подносителката [redacted] против Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија **поради неуредност.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 26.05.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на друго уверување во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство од страна на подносителката [redacted] против Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија.

Претставката не ги содржеше задолжителните елементи од **член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката,* ***околностите и фактите врз кои се темели претставката,*** *податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.“*

Во содржината од претставката не беа наведени околностите и фактите врз кои се темели претставката и од таа причина Комисијата, согласно член 24, став 2 од Законот

за спречување и заштита од дискриминација на 08.06.2023 година ја задолжи подносителката истата да ја доуреди.

Подносителката не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
26.06.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]